ISSN 1857-5323

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Приватна високообразовна установа
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**
Бр. 03 - 1060 / 1
17.07.2023
СКОПЈЕ

УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

ISSN 1857- 5323

# Б И Л Т Е Н

# НА УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**Бр. 100**

**Скопје, 17.7.2023 година**

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**Проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

# СОДРЖИНА

**Стр. 5**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на клиничка психологија (51001), психологија на советување (51003) и развојна психологија (51004) на Факултетот за политички науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје

**Стр. 14**
**РЕФЕРАТ**
за избор на асистент во соработничко звање по група предмети од областа на архитектонско проектирање и дизајн (20100) и урбано и просторно планирање и проектирање (20114) на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопје

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА КЛИНИЧКА ПСИХОЛОГИЈА (51001), ПСИХОЛОГИЈА НА СОВЕТУВАЊЕ (51003) И РАЗВОЈНА ПСИХОЛОГИЈА (51004) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Со Одлука бр. 19-825/3 од 19.5.2023 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки, одржана на 19 мај 2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на клиничка психологија (51001), психологија на советување (51003) и развојна психологија (51004), на Факултетот за политички науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „*Слободен печат*“, на ден 26. 4. 2023 година и во предвидениот рок се пријави:

1. *Доц. д-р Димитринка Јорданова Пешевска*

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Димитринка Јорданова Пешевска е родена на 11 април 1969 година во Скопје, каде завршила основно и средно образование. На Филозофскиот факултет, Институтот за психологија, при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“, во Скопје дипломирала во 1994 година. Во периодот 2002-2003 година, како стипендист на Министерството за надворешни работи на Република Италија, завршила магистерски студии по стратегиски менаџмент и оддржлив развој на Универзитет во Болоња, Италија. Се здобила со признание за најдобра магистерска теза во генерацијата на тема *„Алтернативни решенија во заедницата за социјална интеграција на лицата и ментални заболувања“.*

Во периодот од 2010 до 2014 година завршила магистерски студии по развојна психологија на Филозофскиот факултет во Скопје, Универзитетот „Свети Кирил и Методиј, и успешно ја одбранила магистерската теза под наслов: *„Индивидуални фактори на ризик за извршување и доживување насилство во романтичните врски кај адолесцентите“.* Во 2014 година се стекнала со академскиот степен – магистер по психолошки науки од областа на развојната психологија.

Во 2015 година се запишала на докторски студии по јавно здравство на Медицинскиот Факултет во Скопје, при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“, во Скопје и во јули 2018 година, успешно ја одбранила својата докторска дисертација на тема *„Резилиентноста кај адолесцентите кои доживеале негативни искуства во детството“* и се стекнала со звањето доктор на науки по јавно здравство. Од 2014 досега е запишана на докторски студии по психологија на Филозофскиот факултет, при Универзитетот во Белград.

### *1.1.Работно искуство*

Нејзината професионална кариера започнува пред дипломирањето на Филозофскиот факултет во Скопје во 1993 година, каде на истоимениот факултет работи на научно истражувачкиот проект за пострауматски стресни растројства - проект за психосоцијална помош и поддршка на бегалците од Босна. Исто така, од 1993 година започнала да работи на првата СОС телефонската

линија за поддршка на деца и млади, жртви на насилство во Скопје.

Во периодот 1994-2000 година работела како програмски координатор на предучилишната и училишна програма *„Чекор по чекор“*, за воведување на нови пристапи и методи во предучилишната и училишната настава и практика. Спровела голем број на обуки за предучилишниот и училишниот кадар за програмата на национално ниво. Работела на евалуација и мониторинг на програмата.

Во Светска здравствена организација, канцеларијата во Скопје работела во периодот 2000-2014 година како национален стручно-технички експерт за превенција од насилство, ментално здравје и незаразни болести. Таа работела на стручно-техничка поддршка во планирање, дизајн и имлементација на програми и проекти во здравствениот, социјалниот и образовниот систем и стратешко планирање во областите на превенција од насилство (превенција на злоупотреба и занемарување на деца, насилство над жените иа партнерското адолесцентно насилство, семејно насилство) ментално здравје, незаразни болести (тутун, здравствена промоција, мајки и деца, нутриција) и други програми во рамки на двегодишната соработка на СЗО со Министерството за здравство и др. релевентни министерства. Работела на имлементација на два проекти за спречување на семејното насилство во рамки на заедничка програма на пет организации на Обединети нации во Македонија, подготовка и имлементација на тренинзи и лиценцирана едукација на здравствени, социјални и други професионалци. Работела на планирање, дизајнирање и имлементација на три национални истражувања спроведени на репрезентативен примерок и тоа на две истражувања за насилството кај децата и една студија за насилството кај старите лица. Во периодот од 2005-2007 г. паралелно работела и во Психијатриската Болница „Скопје“ во Скопје, како психолог и на програмата за развивање на служби за ментално здравје во заедницата.

Како консултант за превенција од насилство и ментално здравје на Светска здравствена организација работела за СЗО канцелариите во Црна Гора, Македонија, Србија и Албанија во периодот 2014-2015 година на проучување, анализа и изработка на квалитативни анализи за состојбата со превенцијата на злоупотребата и занемарување кај децата во секоја од земјите. Во Црна Гора работела и како експерт во подготовката на националната стратешка рамка за превенција и заштита на злоупотреба и занемарување кај децата. Во тој период од СЗО Скопје била ангажирана за спроведување на обуки за јакнење на капацитетите на здравствените, социјалните и и други стручни лица во областа на меѓусекторската соработка за спроведување на Протоколот за спречување и заштита на злоупотребата и занемарувањето на децата. Исто така работела на јакнење на капацитетите за превенција на депресија и суицид, преку обуки за лекарите од општа, семејна медицина и психијатри.

Таа била ангажирана како експерт и тренер на СЗО на имлементација на активности во земјите членки на СЗО, Регионалната канцеларија за Европа во Копенхаген (Романија, Молдавија, Унгарија, Латвија, Литванија Црна Гора, Албанија и Србија) во период 2014-2017 во областа на превенција на насилство и повреди, институционално јакнење на капацитетите преку обуки и едукација, развој на национални политики и имлементација на европската платформа за превенција на насилство над децата: ‘Investing in children: the European child maltreatment prevention action plan’. Исто така спроведување на едукација во земјите на СЗО регионот за Европа за примена на модулите на СЗО за високо образование: „Тренинг, едукација и здравствена соработка на превенција на насилство и повреди на СЗО„ - Training, Education, Advanced Collaboration in Health on Violence and Injury Prevention (TEACH VIP).

За истражувачката компанија GFK и UNICEF, во 2016-2017 година била ангажирана како експерт за развивање на истражувачка методологија за проучување на преваленцијата на насилството кај децата, знаењата, ставовите, верувањата и начините на дисциплинирање на децата од страна на родителите.

Таа е системски семеен советник и терапевт на полето на партнерската психотерапија фокусирана на емоции (ЕФТ). Автор е на бројни трудови за научни списанија, како и на 4 публикации на Светската здравствена организација и е член на повеќе интернационални и

национални здруженија, тела и организации.

## 2. НАСТАВНО-ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Кандидатката, во периодот од 2016 до 2018 година на Факултетот за политички науки, катедрата за психологија при Универзитетот Американ Колеџ, Скопје била ангажирана и вклучена во наставниот процес како наставник по клиничка настава, истакнат стручњак од практиката. Во рамки на наставата на додипломските студии по психологија во улога на предавач изведува настава по предметите: Емоции и мотивација; Когнитивна психологија; Детска и адолесцентна психологија. Во 2018 година по одбраната на докторската дисертација избрана е во звање доцент по здравствена психологија и методологија. Во рамки на наставата во улога на доцент на додипломските студии по психологија има изведувано настава по предметите: Емоции и мотивација; Когнитивна психологија; Детска и адолесцентна психологија; Психологија на возрасни; Здравствена и клиничка психологија, Социјална психологија, Управување со конфликти, Вовед во психологија и Психолошко советување и психотерапија.
На постдипломските студии има реализирано настава на следниве предмети: Здравствена психологија (напредно ниво); Развојна психологија (напредно ниво); и Брачно и семејно советување.

## 3. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Д-р Димитринка Јорданова Пешевска ги има објавено следните **научни трудови во периодот на последните пет години, дадени во табелата:**

| **Труд** | **Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот** | **Рецензирано списание** | **Референтна научна публикација** |
|---|---|---|---|
| Koller, J. E., Villinger, K., Lages, N. C., Absetz, P., Bamert, M., Branquinho, C., **Jordanova Peshevska, D.,** ... & Renner, B. (2022). Individual and collective protective responses during the early phase of the COVID-19 pandemic in 10 different countries: Results from the EUCLID online survey. *International Journal of Infectious Diseases, 122,* 356-364. https://doi.org/10.1016/j.ijid.2022.06.012 | Да.<br>2022 | Да. | Да.<br>Science Citation Index<br>PubMed/Medline<br>Scopus<br>Directory of Open Access Journals (DOAJ) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Jordanova-Peshevska, D.** (2022). Experiences of Peer Victimization Associated with Stress and Anxiety among Adolescents in North Macedonia. *Seventeenth Annual International Academic Conference 17th Annual International Conference on Emerging Ideas ‘Priorities Redefined: New Realities after the Ukrainian Crisis’ Skopje, Conference Proceedings.* AICEI 2022 Conference Proceedings, ISSN: 2671-3713.<br>DOI: 5281/zenodo.7643460<br>*https://aicei.uacs.edu.mk/document/b8b6055b-ce40-08a9-d5a8-faafc089d0c3* | Да.<br>2022 | Да. | Да. |
| Filipovska, Angela., **Jordanova-Peshevska, D.** & Tomovska-Misovska, A. (2022). Experiences of Stress and Anxiety related to COVID-19 Preoccupation and COVID-19 Difficulties among University Students in North Macedonia. *Seventeenth Annual International Academic Conference 17th Annual International Conference on Emerging Ideas ‘Priorities Redefined: New Realities after the Ukrainian Crisis’ Skopje, Conference Proceedings.* AICEI 2022 Conference Proceedings, ISSN: 2671-3713.<br>DOI: 5281/zenodo.7643602 | Да.<br>2022 | Да. | Да. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *https://aicei.uacs.edu.mk/article/dc8c0084-1a47-815e-768b-479146a7c2eb* | | | |
| **Jordanova-Peshevska, D.,** Tomovska-Misovska, A., Efremov, L., Trajkova, K., Mitanovska, T., Dodovski, I. (2021). The Role of Social Media in Shaping Health Behaviors of the General Population During the Covid-19 Pandemic. *Sixteenth Annual International Academic Conference on European Integration Post Pandemic Sustainability in Europe Skopje.* AICEI 2021 Conference Proceedings, ISBN 978-608-4607-54-0.<br>DOI: 5281/zenodo.7288965<br>https://aicei.uacs.edu.mk/article/a3e7cc36-bfba-bddd-b77b-ba4743a96379 | Да.<br>2021 | Да. | Да |
| **Jordanova-Peshevska, D.,** Tomovska-Misovska, A., Trajkova, K. (2021). *Job Performance and Mental Health in Workforce in North Macedonia during Covid-19 Pandemic. Sixteenth Annual International Academic Conference on European Integration Post Pandemic Sustainability in Europe Skopje* AICEI 2021 Conference Proceedings, ISBN 978-608-4607-54-0.<br>DOI: 5281/zenodo.7290870<br>https://aicei.uacs.edu.mk/article/fac2c145-a4ba-12ec-abb7-ff30992ef24e | Да.<br>2021 | Да. | Да |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Trajkova, K., Andonov, M., Tomovska-Misovska, A., **Jordanova-Peshevska, D.** (2021). Teleworking – Just a Legal Opportunity or Basis for Redefining the Concept of Labor Relations During Covid-19 and in the Post Pandemic Period. *Sixteenth Annual International Academic Conference on European Integration Post Pandemic Sustainability in Europe Skopje*, AICEI 2021 Conference Proceedings, ISBN 978-608-4607-54-0. *https://aicei.uacs.edu.mk/document/fac2c145-a4ba-12ec-abb7-ff30992ef24e* DOI: 5281/zenodo.7277620 | Да. 2021 | Да. | Да |
| Tomovska - Misoska, A., **Jordanova Peshevska, D.,** Trajkova, K. (2021). Predicting effects of organizational commitment and changed working conditions on employees task performance during covid-19 pandemic. *International May Conference on Strategic Management– IMCSM21 May 28 - 30, 2021*. IMCSM Proceedings ISSN 2620-059 *https://mksm.tfbor.bg.ac.rs/wpcontent/uploads/2021/10/Proceedings_IMCSM21_Issue-1.pdf* | Да. 2021 | Да. | Да |

**Презентирани наоди од истражувања на меѓународни конференции и конгреси во периодот на последните пет години:**

**Jordanova-Peshevska, D.,** Tomovska-Misovska, Mitanovska, T. (2023). Mental Health in Classical Musicians in COVID – 19 Pandemic. *Psychology and Music – Interdisciplinary Encounters, Belgrade 2022, October 26-29, 2022.*

**Jordanova-Peshevska, D.** (2022). Experiences of Peer Victimization Associated with Stress and Anxiety among Adolescents in North Macedonia. *Seventeenth Annual International Academic Conference on European Integration Post Pandemic Sustainability in Europe Skopje, Skopje, 22 September 2022.*

Filipovska, Angela., **Jordanova-Peshevska, D.** & Tomovska-Misovska, A. (2022). Experiences of Stress and Anxiety related to COVID-19 Preoccupation and COVID-19 Difficulties among University Students in North Macedonia. *Seventeenth Annual International Academic Conference on European Integration Post Pandemic Sustainability in Europe Skopje, Skopje, 22 September 2022.*

**Jordanova-Peshevska, D.,** Tomovska-Misovska, A., Efremov, L., Trajkova, K., Mitanovska, T., Dodovski, I. (2021). The Role of Social Media in Shaping Health Behaviors of the General Population During the Covid-19 Pandemic. *Sixteenth Annual International Academic Conference on European Integration Post Pandemic Sustainability in Europe Skopje, 16th of September, 2021*

Trajkova, K., Andonov, M., Tomovska-Misovska, A., **Jordanova-Peshevska, D.** (2021). Teleworking – Just a Legal Opportunity or Basis for Redefining the Concept of Labor Relations During Covid-19 and in the Post Pandemic Period. *Sixteenth Annual International Academic Conference on European Integration Post Pandemic Sustainability in Europe Skopje, 16th of September, 2021*

**Jordanova-Peshevska, D.,** Tomovska-Misovska, A., Trajkova, K. (2021). *Job Performance and Mental Health in Workforce in North Macedonia during Covid-19 Pandemic. Sixteenth Annual International Academic Conference on European Integration Post Pandemic Sustainability in Europe Skopje, 16th of September, 2021*

**Jordanova-Peshevska, D.,** Tomovska-Misovska, A., (2022). Resilience and depression in adolescents with adverse childhood experiences. *36th Annual Conference of the European Health Psychology Society - Charting New Territories in Health Psychology, 23-27 August, 2022 in Bratislava, Slovakia*

**Jordanova Peshevska, D.,** Mitanovska, T., Petrovic, N. (2021) Multidimensional assessment on child maltreatment prevention readiness in North Macedonia. *35th annual online conference of the European Health Psychology Society: Health psychology approaches to tackle global challenges, from the 23rd – 27th of August, 2021.*

Mitanovska, T., **Jordanova Peshevska, D**. (2021) Effects of physical activity on mild Alzheimer's disease patients through cognitive performances. *35th annual online conference of the European Health Psychology Society: Health psychology approaches to tackle global challenges, from the 23rd – 27th of August, 2021.*

Tomovska - Misoska, A., **Jordanova Peshevska, D.,** Trajkova, K. (2021). Predicting effects of organizational commitment and changed working conditions on employees task performance during covid-19 pandemic. *International May Conference on Strategic Management– IMCSM21 May 28 - 30, 2021, Bor, Serbia.*

**Jordanova Peshevska, D.,** Kenig, N., & Jordanova, T. (2019). Risk Factors Associated with Child Development and Well-Being within the Ecological Model. *EU-SAFETY Conference-Research for enhancing impact of strategies and actions. 3-4 October, Luxembourg, 2019. Conference book of abstracts.*

**Jordanova Peshevska, D.,** Tozija, F., & Tairi, M. (2019). Occupational Safety in Republic of North Macedonia. *EU-SAFETY Conference-Research for enhancing impact of strategies and actions. 3-4 October, Luxembourg, 2019. Conference book of abstracts.*

**Jordanova Peshevska, D.,** & Tozija, F. (2019). Safety and Well-Being in Adolescents with Adverse Childhood Experiences. *EU-SAFETY Conference-Research for enhancing impact of strategies and actions. 3-4 October, Luxembourg, 2019. Conference book of abstracts.*

Кандидатката д-р Димитринка Јорданова Пешевска учествувала во реализација на следниве научно-истражувачки проекти:

| | |
|---|---|
| 04/2022– и понатаму | Координатор на проектот реализиран со финансиска поддршка на Град Скопје: *Поддршка на менталното здравје кај младите во време на Ковид -19 и пост-ковид „Не постои здравје без ментално здравје.* |
| 04/2020–06/2023 | Национален координатор и главен истражувач за Република Северна Македонија за студијата: *Multi country research project: Coronavirus survey: Electronic survey on the current coronavirus situation led by the University of Konstanz (2020-2023).* |
| 04/2019–06/2020 | Координатор и главен истражувач за студијата на UNICEF: *Врсничкото насилство во основните и средните училишта во Скопје.* |

## 4. ОПШТЕСТВЕНА ДЕЈНОСТ

Кандидатката дала свој општествен придонес преку реализација и учество во следниве активности:

| | |
|---|---|
| 04/2022– и понатаму | Координатор на проектот реализиран со финансиска поддршка на Град Скопје: *Поддршка на менталното здравје кај младите во време на Ковид -19 и пост-ковид „Не постои здравје без ментално здравје.* |
| 07/2021–и понатаму | Раководител на психолошкото советувалиште за студенти на УАКС Скопје. |
| 04/2019– и понатаму | Член и иницијатор за формирање на Етичката комисија за оценка и одобрување на научни истражувања при УАКС Скопје. |
| 11/2018–06/2020 | Национален експерт на UNICEF за позитивно родителство, каде активно учествува на дебати и трибини во повеќе градови на Република Северна Македонија за промоција на позитивното родителство и неговата |

| | |
|---|---|
| | важноста на растот и развојот на децата. |
| 06/2019–12/2019 | Национален консултант на UNICEF при изготвување *на Национална стратегија и акциски план за превенција и заштита на децата од насилство (2020-2025),* во соработка со Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија и Националната комисија за превенција и заштита на децата од насилство. |

Д-р Димитринка Јорданова Пешевска е е системски семеен советник и терапевт на полето на партнерската психотерапија фокусирана на емоции (ЕФТ).

Таа е член на:

- *Македонската комора на психолози,*
- *Националната асоцијација за семејна психотерапија,*
- *Европската асоцијација за семејна терапија,*
- *Европското здружение за здравствена психологија,*
- *Американската асоцијација за Психологија (АПА).*

Во 2018 година е избрана за национален делегат во рамки на *Европското здружение за здравствена психологија*.
Таа е член на меѓународната организација *Open Digital Health.*

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на доц. д-р Димитринка Јорданова Пешевска и одредбите на Законот за високото образование, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката покажува постојан стручен и научен развој и е оформена во квалитетен универзитетски научник и наставник. Нејзината наставна и научно-истражувачка работа е континуирана и ја потврдува ориентацијата за систематски пристап кон проблемите од нејзината научно- истражувачка и наставна област.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатот, Комисијата оценува дека доц. д-р Димитринка Јорданова Пешевска ги исполнува предвидените законски и други услови и со особена чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје да биде избрана во звањето *вонреден професор* по група предмети од областа на клиничка психологија (51001), психологија на советување (51003) и развојна психологија (51004).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Драгана Батиќ, с.р.
Факултет за безбедност,
Универзитет Св. Климент Охридски Битола

Проф. д-р Ана Томовска-Мисоска, с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

Проф. д-р Марјан Бојаџиев, с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈН (20100) И УРБАНО И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ И ПРОЕКТИРАЊЕ (20114) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Со Одлука бр. 16-858/4 од 31. 5.2023 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за архитектура и дизајн, одржана на 31 мај 2023 година, определени сме за членови на рецензентска комисија за избор на асистент во соработничко звање по група предмети од областа на архитектонско проектирање и дизајн (20100) и урбано и просторно планирање и проектирање (20114) на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „*Нова Македонија*", на ден 20. 5.2023 година и во предвидениот рок се пријави:

1. *М-р Павел Вељаноски*

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за архитектура и дизајн да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Павел Вељаноски е асистент на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје од Септември 2020 година, каде учествува во изведувањето на наставата на проектантските предмети Архитектонско проектирање 3 и 4, Архитектонско Проектирање Студио 1 и урбанистичките предмети Основи на Урбанизам и Урбан Дизајн 1 и 2. Основно и средно училиште завршил во Скопје. Магистрирал на Архитектонскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во 2017 година со тема „Пејзажна инфраструктура: Екологијата како генеративна алатка". Добитник е на архитектонската награда „Тигрите" под покровителство на Амбасадата на Република Полска во Скопје, која од 2017 година се доделува за најдобар магистерски труд на Архитектонскиот факултет при УКИМ. Во учебната година 2018/19 успешно ги заврши студиите на Интернационалната професионална програма за одржливо лидерство „Possible" спроведени од Економскиот факултет, УКИМ Скопје и ИЕГЕ - Скопје, како дел од програмата Еразмус +. Во 2018 година е стипендист на истражувачката програма "Thesaurus Poloniae" во Краков, Полска, финансирана од владата на Република Полска каде работи на истражувачки труд на тема „Улогата на полските урбанисти при обновата на постземјотресно Скопје". Со истоимениот труд е дел од изложбата „Скопје: Град, Архитектира и Уметност на Солидарноста" која се реализираше во Меѓународниот центар за култура во Краков во Јули 2019 година каде Вељаноски учествува како кураторски соработник и коавтор на официјалната публикација. Од 2019 е студент на докторски студии на Институтот за Географија при Природно-математички факутет, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, каде под менторство на проф. д-р. Благоја Маркоски, каде во моментов ја изработува дисертацијата под наслов „Анализа на состојбите и идните правци на урбанизација во Скопскиот Регион". Од 2019 до 2021 година во својство на Асистент координатор е дел од Еразмус + проектот ENABLE, проект на кој Универзитет Американ Колеџ Скопје е водечка организација.

Од 2021 година е партнер и архитект во проектнантското биро ПРОЕКТ К87 од Скопје, каде работи на голем број архитектонски проекти, архитектонски конкурси и истражувања во полето на архитектурата и урбанизмот.

Во 2013 година учествува на интернационалниот конкурс EUROPAN 12: Adaptive city. Во 2015

година на конкурсниот труд за факултетски згради за ФИНКИ + ФФОСЗ при Универзитетскиот кампус во Скопје, освојува награда – откуп. Во 2016 година изработува идеен и изведбен проект за ребрендирање на филијали за осигурителната компанија Винер Осигурување. Работи на идеен и основен проект за доградба и надградба на Факултет за Фармација при УКИМ во 2018 година. Во 2020 година работи на идеен и изведбен проект за ентериер за Лабораторија за бетон за Гранит АД од Скопје. Во 2020 година работи на идеен и основен проект за станбена куќа за две семејства во Маврово. Во 2021 година работи на идеен проект за две станбени куќи во Скопје. Во 2022 година работи на проект за конзерваторско-реставраторски работи и адаптација на објект прогласен за значајно културно наследство, лоциран во заштитеното јадро на Охрид.

Во 2018 година на барање на Општина Кисела Вода, учествува во изработка на студија за „Просторни, програмски и волуменски трансформации: ДУП Ј14, Расадник". Во 2021 година работи на идејна урбанистичка студија за станбена населба во Сопиште, Скопје.

Покрај архитектонската и наставно-образовната дејност, во период од јули 2012 до јули 2016 во улога на Студентски координатор/организатор на студиски патувања е дел од студиската програма SCAPES:LAB каде е дел од организациски одбор за повеќе студиски програми за студенти по архитектура (Шпанија 2012, Франција 2013, Холандија 2014, Германија 2015 и Русија 2016). Од август 2017 година е фасцилитатор на ученици од основно и средно училипте во културно-едукативна програма The Beit Project, проект финансиран од програмата "Europe for Citizens" каде преку урбаниот простор се поврзува историското наследство со борбата против расизмот, социјалната исклученост и дискриминацијата.

***Наставно-образовна дејност***

- Од септември 2014 до јуни 2017 година е ангажиран како Соработник во настава на проектантските предмети на Архитектонскиот факултет – Скопје при УКИМ.

Во рамките на Архитектонскиот факултет – Скопје при УКИМ зема учество во изведувањето на наставата на следните предмети:

- **Прва година** – Архитектонско Студио 1 и 2.

- **Втора година** – Архитектонско Студио 3 и 4.

- **Четврта година** – Внатрешна архитектура 1, Архитектонска композиција.

- **Петта** година – Внатрешна архитектура 2.

- Во јануари 2019 е ангажиран како Соработник во настава на проектантските предмети на Факултетот за архитектура и дизајн на Универзитетот Американ Колеџ - Скопје.

Во рамките на Факултетот за Архитектура и дизјан на УАКС зема учество во изведувањето на наставата на следните предмети:

- **Втора година** – Архитектонско проектирање 3 и 4.

- **Трета година** – Основи на Урбанизам, Македонска Архитектура.

- **Четврта година** – Урбан Дизајн 1 и 2.

- Во септември 2020 е ангажиран како Асистент во соработничко звање по група предмети од областа на архитектонско проектирање и дизајн (20100) и урбано и просторно

планирање и проектирање (20114) на Факултетот за архитектура и дизајн на Универзитетот Американ Колеџ - Скопје.

Во рамките на Факултетот за Архитектура и дизјан на УАКС зема учество во изведувањето на наставата на следните предмети:

- **Втора година** – Архитектонско проектирање 3 и 4.

- **Трета година** – Основи на Урбанизам, Македонска Архитектура.

- **Четврта година** – Урбан Дизајн 1 и 2, Архитектонско Проектирање Студио 1.

- Тутор на летна школи и работилници за архитектура:
  Летна школа за Архитектура, Архитектонски Факултет – Скопје
  - Чувство за дом. Алеш Водопивец, Словенија. 2017;

  Меѓународна летна школа за Архитектура, Охрид, УАКС – Скопје
  - Материјални контури. Митеш Диксит, САД. 2018;
  - Платформ туризам. Харалд Трап, Австрија. 2019;
  - Сценирање на пејзажот. Макс Босхард, Штефан Медер, Швајцарија. 2020-2022.

  Здружението за развој на урбана култура и актуелизација на простор, МЕЛЕЕМ Скопје
  - Мали просторни интервенции во студентски домови. Скопје, 2020.

**Учество на конференции:**

- СКЕЕОР-Студентска конференција за Енергетска ефикасност и одржлив развој. Скопје. 2017;
- Нови приоди во решавањето на скриеното бездомништво. Паблик асоцијација. Скопје. 2017;
- Меѓународна конференција „Одржливо лидерство“- Економски факултет, УКИМ. 2018.
- Меѓународна конференција „Неолитот во Македонија“ - Центар за истражување на предисторијата, Археолошки музеј, Скопје. 2019.
- Дијалози СК2028, Асоцијација Јадро, Скопје, 2020.
- Heritage & Development. 6. Heritage forum of Central Europe. International Cultural Centre, Krakow, Poland. 2021.
- 16. Annual International Conference on European Integration – AICEI2021. University American College Skopje, 2021.
- 8. International Scientific Conference – Geobalcanica 2022. Belgrade, Serbia. 2022

**Учество на изложби:**

- Светлина = Простор - Изложба на фотографии, Архитектонски факултет, Скопје, 2013;
  - Куратор и учесник
- Наоди - Павиљон на Република Македонија на Венециско Биенале. 2014;

  - Соработник
- Невидливо Скопје - Архитектонски водич – Музеј на град Скопје, 2015.
  - Соработник
- Изложба на архитектонски студија – Архитектонски Факултет – Скопје. 2014 – 2017;
  - Уредник на група предмети
- Истражување на формалниот јазик во Македонската црковна архитектура, МАНУ, Скопје, 2017;
  - Уредник и куратор
- Материјални Контури-Изложба на територијални истражувања, Скопје. 2018;
  - Уредник и куратор
- БИМАС 2018 – Биенале на Македонска Архитектура. Скопје, 2018;
  - Учество со 2 проекти
- Студентска изложба – Факултет за Архитектура и Дизајн – УАКС. Скопје, 2019.
  - Уредник на група предмети
- Strategy for sustainable development of the city of Prilep. Erasmus + project ENABLE. Prilep. 2021
  - Уредник и куратор
- Наслојувања – Трасирање на елементите на градот на примерот на Скопје. Изложба на семестрална работа по предметот Урбан Дизајн. Факултет за Архитектура и Дизајн УАКС. Сули Ан, Скопје. 2023.
  - Уредник и куратор

**Научни трудови:**

- Infrastruktura krajobrazu: ekologia jako narzedzie generatywne - “Architektura-murator”. Warsaw 2017;
- Landscape Infrastructure: challenges of the natural landscape. Зборник на трудови СКЕЕОР Скопје 2017
- Laboratory for territorial architecture: Independent research institute for sustainable thinking in the process of spatial planning. Study paper for project activities and achievements. Skopje. 2018;
- The contribution of Polish urban planners and architects to the post-earthquake reconstruction of Skopje. “Skopje - City, Architecture and Art of Solidarity” ICC Krakow. 2019.
- Симулација на просторни модели и структурално-обликувани постапки за превенција и промоција на археолошките локалитети рекогносцирани во подрачјето на Прилепско Поле. [in:] Неолитот во Македонија. Центар за истражување на предисторијата. Скопје. 2020.
- New models of urbanity in the In-Between condition, Village of Chucher, Skopje. [in:] Sixteenth Annual International Academic Conference on European IntegrationPost Pandemic Sustainability in Europe. University American College Skopje. Skopje. 2021.
- Regulation of streams in the Skopje region with measures for regulation and rehabilitation of the river beds. [in:] 8th International Scientific Conference GEOBALCANICA 2022. Belgrade. 2022.
- GIS assessment of land cover flows in North Macedonia using Corine Land Cover database in the period 2000-2018. [in:] 8th International Scientific Conference GEOBALCANICA 2022. Belgrade. 2022.

**Научни публикации:**

- Staging Ohrid's Landscape: Architectural proposals for the city's cultural scenography. University American College Skopje. Skopje 2022

***Општествена дејност***

- Член на жири комисија за наградата „TYGRYSY-ТИГРИТЕ"организирана од Амбасада на Република Полска во Скопје и Архитектонски факултет при УКИМ. 2018
- Review a Manuscript  for Journal of Nationalism, Memory & Language Politics. 2023
- Стручна лектура на преводот на македонски јазик на книгата „Варшава го исцртува Скопје" (Warszawa rysuje Skopje), на авторот Кинга Нетман Мултановска, во издаваштво на издавачката куќа Бегемот од Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека м-р Павел Вељаноски искажува висок интелектуален, творечки и педагошки потенцијал.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

Ценејќи го сето предходно наведено, рецензентската комисија со особена чест и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје, кандидатот м-р Павел Вељаноски, согласно Законот за високото образование, да биде избран во соработничко звање *асистент* по група предмети од областа на архитектонско проектирање и дизајн (20100) и урбано и просторно планирање и проектирање (20114).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

проф. м-р Виолета Бакалчев, с.р.
Факултет за архитектура и дизајн,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

доц. д-р Инџи Деребеј, с.р.
Факултет за архитектура и дизајн,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

доц. д-р Сашо Блажевски, с.р.
Факултет за архитектура и дизајн,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

# BULLETIN

OF THE UNIVERSITY
AMERICAN COLLEGE
SKOPJE

ISSN 1857-5323